**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-88/6**

**Скопје, 22.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА МАКЕДОНСКИ БРОД**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на Општина Македонски Брод за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Милосим Војнески, Градоначалник на општина Македонски Брод, од 13.04.2005 година.

4. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

5. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 14.11 2006 до 14.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

6. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации на општина Македонски Брод на 31.12.2005 година искажано е салдо од 544 илјади денари. Земајќи ги во предвид финансиските планови на корисниците, овие средства не се во целост потрошени. Ова е од причина што буџетските корисници кои сами доставуваат налози за наплата на обврските кон добавувачите, до трезорската канцеларија не доставиле налози со кои би ги измириле обврските спрема добавувачите, согласно планираните средства за 2005 година. Непотрошените средства се пренесени како неискористени во наредната година.
**Препорака:**
Корисниците на средствата од сметката за наменски дотации да се залагаат за навремено и законско трошење на истите за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиките планови. Градоначалникот како одговорно лице за извршување на буџетот да воспостави внатрешни контроли кај корисниците на средствата од сметката за наменски дотации со цел навремено и наменско користење на истите.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на Општина Македонски Брод на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за Наменски дотации на Општина Македонски Брод остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД - СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 2.340 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **2.340** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 1.796 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.796** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **1.796** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **544** | **0** |

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД - СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 544 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **544** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **544** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 544 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **544** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **544** | **0** |